**20210911419**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.307/20), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19 и 275/19), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 27/20 и 56/21), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 април 2021 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2021 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/21 и 31/21) во делот I во воведната реченица износот „3.800.203.000” се заменува со износот „3.950.203.000“.

Во табелата во мерката 1 износот „2.000.000.000” се заменува со износот „1.700.000.000”.

Во мерката 5 износот „10.000.000“ се заменува со износот „1.000“.

Во мерката 10 износот „1.541.201.000” се заменува со износот „2.001.200.000”.

Во колоната „Вкупно” износот „3.800.203.000” се заменува со износот „3.950.203.000”.

II

Во делот II во воведната реченица износот „2.000.000.000“ се заменува со износот „1.700.000.000“.

III

Во делот VI износот „10.000.000” се заменува со износот „.1.000”.

IV

Во делот XI износот „1.541.201.000” се заменува со износот „2.001.200.000”.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-4701/1
20 април 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.